**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр.08-128

Скопје 09.5 2018г.


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а согласно Заклучокот, бр.02-1067/2 од 09.03.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 09.03.2018 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на поведената постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип

1. СЕ ЗАПИРА постапката поведена по службена должност од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Одлука Уп1 бр.08-36 од 05.02.2018 година, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип.

2. Решението е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 4-та седница одржана на 05.02.2018 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-36 од 05.02.2018 година, со која се поведува постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, врз основа на податоци добиени од заинтересирано лице дека сопственикот на ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, физичкото лице Иле Митов е вонбрачен другар на Жанжанина Стојанова, која е сестра на лицето Роберт Димитров, основач на оператор на електронска комуникациска мрежа - Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, што е спротивно на член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и преставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност.

Имено, во член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека *„физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински*

*акционер во радиодифузер, како и поврзано лице со содружник или акционер во радиодифузер не може да основа, ниту да биде содружник или акционер, односно да учествува во сопственоста на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник, новинска агенција, друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизулни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми".*

Согласно член 36 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, *„Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер". "Како поврзани лица од цитираниот* став *(1) на овој член особено се сметаат: - членовите на семејството..." (*член 36 став 2 алинеја 1 од истиот Закон*)*, а согласно член 3 став 1 точка 27 од цитираниот закон, *„Членови на семејство се брачниот и вонбрачниот другар, родители, деца, браќа и сестри, посвојувачи и посвоени деца, како и лица кои живеат во заедничко домаќинство".*

Во меѓувреме, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5-та седница одржана на 07.02.2018 година, постапувајќи по Известувањето за промена на сопственичката структура доставено од страна на ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип (наш арх.бр.02-4 од 04.01.2018 година), донесе Одлука бр.02-4 од 07.02.2018 година, со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип. Имено, Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, при што се дозволи истапување од сопственоста на радиодифузерот на физичкото лице Иле Митов, со ЕМБГ 0208974490005 и адреса на ул.„Никола Карев" бр.78 во Штип, и пристапување на правното лице Друштво за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип, со ЕМБС 6911307 и седиште на ул.„Тошо Арсов" бр.36 во Штип, чиј сопственик е физичкото лице Зоран Илиев, со ЕМБГ 1507970490036 и адреса на ул.„Струмичка" бр.14 во Штип.

На 13.02.2018 година, Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип испрати Барање за доставување тековна состојба (наш арх.бр.02-04 од 13.02.2018 година), со кое побара, по извршување на промената, до Агенцијата да достави актуелна тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија.

Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип на 20.02.2018 година, достави Тековна состојба бр.0805-50/150020180055970 од 19.02.2018 година, издадена од Централниот регистар на Република Македонија, од која се утврди дека физичкото лице Иле Митов повеќе не се јавува како сопственик на ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, односно дека единствен сопственик е правното лице Друштво за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип.

Врз основа на горенаведеното, а имајќи предвид дека по спроведената промена на сопственичката структура, физичкото лице Иле Митов повеќе не е основач ниту управител на Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, со што отранети се причините за водење на постапката за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, се одлучи да се запре постапката поведена по службена должност од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со

Одлука Уп1 бр.08-36 од 05.02.2018 година, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 18 став 1 алинеја 5 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а согласно Заклучокот, бр.02-1067/2 од 09.03.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 09.03.2018 година, донесе решение како во диспозитивот.

Решението е конечно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.